Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма**<br>*(дејство и состојба; лице, време, број и вид;  општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Ги наведува личните заменки во еднина и множина, со нагласување на формите за граматичката категорија род само во 3. л. еднина.<br>Ги идентификува личните заменки во даден текст и го определува нивниот род, број и лице | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците им прикажува стрип во кој се истакнати глаголите. Учениците ги откриваат истакнатите зборови од стрипот и си се открива целта на часот и што означуваат глаголите (кажуваат што прави некој, што се случува и во каква состојба е)<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците преку илустрации, за девојчето Душица, истакнати на презентација се искажуваат што прави / што се случува на илустрацијата, а потоа ги идентификуваат глаголите кои означуваат работа, дејство, состојба.<br>Учениците се поделени во 3 групи<br>1. група -учениците запишуваат 5 реченици со глаголи ко означуваат работа. | - Техничка опрема во училницата<br>Визуелни средства – презентација<br>-стрип<br>-наставни листови | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- изработките/ практичните изведби (пишување/творење текстови)<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- -одговори во наставни листови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 2. група учениците запишуваат пишува 5 реченици со глаголи кои означуваат дејство.<br>3. група учениците запишуваат 5 реченици со глаголи кои означуваат дејство.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2024/02/blog-post_28.html<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за глаголи-зборови кои означуваат работа, дејство и со нив се означува соостојба.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА**

| содржини (и поими) | стандарди за оценување | часови и датум на реализација | сценарио за часот | средства | следење на напредокот |
|---|---|---|---|---|---|
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Разликува глаголски форми според граматичките категории време, број, лице и вид. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците се поделени во двојки и со помош на техниката минута работа имаат задача да запишат во своите тетратки по пет глаголи, а потоа со истите да состават пет реченици.<br>Учениците пишуваат.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците имаат задача во примерите најпрво одредуваат што означува глаголот: дејство, работа или состојба. Во истите примери со глаголи потоа разликуваат лице, и број. Сработеното го презентираат запишувајќи ги примерите на таблата.<br>Наставникот на мисловна мапа ги истакнува двете граматички категории кај глаголите (мисловната мапа ќе се дополнува и наредните часови за глаголи)<br> | Техничка опрема во училницата<br>Аудио - Визуелни средства<br>-игри/ наставни техники<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за граматичките категории лице и број кај глаголите:<br>а) Под категоријата лице се подразбира учесникот во говорот.<br>Глаголите се согласуваат со личните заменки и тие имаат форми за трите лица во еднина и множина.<br>1 л. – лицето што зборува;<br>2 л. – лицето на кое му се зборува;<br>3 л. – лицето за кое се зборува.<br>б) Глаголите имаат број, односно имаат форми за еднина и множина.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА**

<table>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма (дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)</td>
<td>Правилно образува свршени глаголи од несвршени и обратно.</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br><br>Учениците ја составуваат мрежата на темата за глаголи.<br><br>
<br><br>Главни активности – искуствено учење<br>Секој ученик смислува по еден глагол кој се однесува на вршење работа во некое занимање и го запишува на ливче. Потоа сите листови се ставаат на куп и се мешаат. Секој ученик влече по едно ливче од купот (ученикот го споделува глаголот и кажува на која професија се однесува) и составува реченица со глаголот.<br><br>На таблата наставникот во табела (поделена на 2 колони) ги запишува глаголите од речениците кои ги претходно ги осмислиле учениците во правата колона (пример) : плива, трча, копа, вози, гаси, носи, свири, прави...итн.</td>
<td>-техники на учење<br><br>-ливчиња<br><br>-илустрации,<br><br>-наставни листови<br><br>- Техничка опрема во училницата<br>Аудио - Визуелни средства<br>-игри/ наставни техники<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br><br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br><br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br><br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br><br>- Практични вежби (читање, пишување);<br><br>-</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

Наставникот им објаснува на учениците дека глаголите кои се запишани во првата колона со нив  се искажува **дејство кое е во процес во одвивање** и се викаат **несвршени глаголи.**

Наставникот во втората колона ги распоредува глаголите со кои се искажува **дејство во неговата заокруженост** и се викаат **свршени глаголи.**

| **дејство кое е во процес во одвивање** | **дејство во неговата заокруженост** |
|---|---|
| Трча | Истрча |
| Гаси | Изгаси |
| Копа | Ископа |
| Вози | Извози |
| Носи | Износи |
| Свири | исвири |
| Прави | направи |
| плива | исплива |

Учениците работат во парови. Добиваат наставен лист на кој има запишано пет **несвршени глаголи**. Задачата е да ги трансформираат во свршени со користење на префикси (гради-изгради, мие-измие). Потоа, пет **свршени глаголи** треба да ги трансформираат во несвршени на тој начин што ќе им додадете суфикс -ва или -ува на свршените, на пример: седне (свршен) – седнува (несвршен), изгрее (свршен) – изгрева (несвршен). Сработено го презентираат пред целата паралелка.

На крајот добиваат наставен лист со реченици во чиј состав се употребени глаголите: руча, вечера, телефонира и информира. Секој пар има задача да ја определи граматичката категорија вид кај посочените глаголи. Потоа се презентира сработеното и се коментира

resursi.literatura.mk

<table>
<tr>
<td></td>
<td></td>
<td></td>
<td>
видската припадност на употребените глаголи – видската припадност се определува само во реченицата, во контекстот.<br>
Завршна активност – извлекување заклучок<br>
Се изведуваат заклучоци за граматичката категорија вид кај глаголите и се дополнува мисловната мапа за глаголи од претходниот час.<br>
* Со глаголите се искажува дејство кое може да трае подолго или да заврши во истиот миг. Во зависност од тоа разликуваме свршени и несвршени глагол.<br>

<br>
Рефлексија<br>
Се води дискусија по следните прашања:<br>
1) ,,Што правевме денес?<br>
2) ,,Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>
3) „Што научивте?“<br>
4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“
</td>
<td></td>
<td></td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор**<br>*(лични навреди и клевети, почитување на приватност)* | Објаснува (преку пример) што значи заштита на приватноста во дигиталниот простор | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот поставува насочувачки прашања со цел да ги воведе учениците во новата наставна содржина.<br>• На кој начин може да ги заштитиме податоците што ги имаме во нашиот мобилен телефон?<br>• Зошто треба да ги заштитиме податоците што се во нашите уреди?<br>• Кој треба да има пристап до нашиот паметен уред?<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците, поделени во групи добиваат картички со описи на комуникација преку пораки на мобилен телефон, со задача преку дискусија во групите да идентификуваат кои описи укажуваат на одговорна, а кои на неодговорна комуникација.<br>1. Ана пишува погрдни коментари за други кога мисли дека го заслужиле тоа. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>2. Анета не споделува доверливи информации за другите преку пораки. (Очекуван одговор: Одговорно) | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Аудио средства<br>Визуелни средства<br>-картички со описи | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- Одговори дадени во наставни листови;<br>- Практични вежби (читање, пишување);<br>- |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | 3. Александар не се смета себе си за виновен доколку на Марко му пратил порака што е навредлива за Иван. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>4. Арта смета дека може да напише што сака за некој друг доколку не го наведе неговото/нејзиното име во пораката. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>5. Агим не пишува навредливи работи за другите дури и тогаш кога сака да се шегува со нив. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>6. Атиџе не пишува во порака нешто што не е соодветно да му го каже некому во лице. (Очекуван одговор: Одговорно)<br>7. Петар ја открил лозинката од телефонот на неговата другарка Мајда и понекогаш кога таа ќе го остави телефонот тој и го проверува (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>8. Соучениците на Даниел во соблекувалната на часот по ФЗО го нашле неговиот телефон, кој немал лозинка и го зеле телефонот и од него им праќале непријатни пораки на други деца. (Очекуван одговор: Неодговорно)<br>*Презентација од групите, а наставникот ги насочува кон аргументи кои водат до очекуваниот одговор.<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>*Преку дискусија се изведуваат заклучоци дека споделувањето пораки што навредуваат и критикуваат некого или содржат доверливи информации за некого претставува неодговорна комуникација затоа што го повредува оној на кого се однесува, без оглед на тоа дали пораката ќе | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | стигне до него и/или ќе ја дознаат други на кои не им е наменета. И се заклучува дека со откривање на сопствената лозинка се нарушува правото на приватност на детето и се овозможува злоупотреба на телефонот за да му се наштети на самото дете.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема :** МЕДИУМСКА ПИСМЕНОСТ | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор** *(лични навреди и клевети, почитување на приватност)* | Препознава прекршување на правото на приватност при онлајн комуникација | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот поставува прашања кои ќе поттикнат дискусија за темата на часот:<br>◊ Дали некој досега ја отворил вашата електронска пошта без ваша дозвола?<br>◊ Дали некој досега ги прочитал вашите СМС пораки без ваша дозвола?<br>◊ Дали досега сте добиле на вашиот телефон или преку интернет порака со навреди или непристојни фотографии и видеа?<br>◊ Дали некој веќе му пренел на некој друг информации, фотографии или видеа од вас без ваша согласност?<br>◊ Дали некој досега објавил на некоја интернет страница или социјална мрежа информации, видеа или фотографии што ве засегаат без ваша дозвола?<br>◊ Дали некој досега ги ретуширал/уредувал/обработил фотографии од вас без ваша дозвола?<br>◊ Дали досега сте му ја кажале некому вашата лозинка?<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Наставникот им чита на учениците текст кој е поделен на 2 дела. Наставникот застанува со читањето и | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Е-весници<br>-Интернет портали<br>-Аудио средства Визуелни Средства<br><br>-наставни листови<br><br>- Печатени материјали (текстови) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците.<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | поставува прашања со цел да има увид во размислувањата на учениците за тоа што мислат дека ќе се случи во текстот.<br>o *На големиот одмор Денис ѝ го зеде мобилниот телефон на Ева и ја принуди да му ја каже лозинката. Таа одбиваше, но тој ѝ се закани дека ќе измисли некоја „приказна“ за неа и ќе ја каже пред целото одделение за да ја посрамоти. Ева се исплаши и плачејќи му ја кажа лозинката на Денис.*<br>Што мислиш, зошто Денис сака да ја знае лозинката од телефонот на Ева?<br>Како ја оценуваш неговата постапка?<br>Како би се чувствувал/а ако си на местото на Ева? Што би направил/а?<br>o *Телефонот на Ева, Денис ѝ го даде на својата другарка Лејла. Лејла почна да ѝ пишува пораки со навредлива содржина на Јасна, најдобрата другарка на Ева. Јасна ги чита пораките и плаче, мислејќи дека тие пораки се од нејзината најдобра другарка Ева.*<br>*Како ја оценуваш постапката на Лејла?*<br>*Кои се можните последици од ваквата постапка на Денис и на Лејла?*<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за заштита на приватноста во дигиталниот простор.<br>Не ја кажувај лозинката никому, освен на своите родители. Доколку се случи некој да го злоупотреби твојот телефон, веднаш извести ги родителите или некој возрасен. НИКОГАШ НЕ БАРАЈ ОД НИКОГО ДА ТИ ГИ КАЖУВА СВОИТЕ ЛОЗИНКИ И ЛИЧНИ ПОДАТОЦИ за да не нарушиш нечие право на приватност. И најважно, КОМУНИЦИРАЈ ОДГОВОРНО, културно и ненавредливо! | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |
| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| **Натавно подрачје /тема : Медиумска писменост** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Слобода на изразување и етичко однесување во дигиталниот простор** *(лични навреди и клевети, почитување на приватност)* | Ги објаснува последиците од неетичко однесување во дигиталниот простор. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот истакнува табела во која се запишуваат предностите на користењето на интернет и недостатоците:<br>**ПРЕДНОСТИ:** / **НЕДОСТАТОЦИ:**<br>Според изнесените аргументи на учениците се пополнува табелата.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците во група даваат предлози за етичко однесување на социјалните мрежи – што треба, односно не треба да се прави (на пример, Не ги навредувај и омаловажувај другите. Не користи навредливи и непристојни зборови при коментирање фотографии и постови на другите. Не изнесувај приватни информации за другите. Не споделувај | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>Картички<br>-Е-весници<br>-Интернет портали<br>-Аудио средства<br>Визуелни средства<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот | -усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-изработките/ практичните изведби<br><br>- Одговори дадени во наставни листови; |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | фотографии и доверливи информации без дозвола.). Од дадените препораки заеднички се составува кодекс на однесување на социјалните мрежи.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за безбедност и последици на неетичко однесување во дигиталниот простор. Споделувај внимателно- Како да го направиме Интернетот побезбедно место за сите нас?<br><br>* Фотографиите, видеата, пораките и коментарите што ги споделуваш може да влијаат врз тебе, врз луѓето во твојот живот и врз другите луѓе на Интернетот.<br>* Дури и ако објавиш приватно или пратиш порака приватно, не можеш целосно да имаш контрола врз тоа кој ќе види што објавуваш. Секогаш постои можност некој друг да зачува кадар од екранот (screenshot) или самиот да ја сподели твојата објава (re-share).<br>* Може да биде засрамувачки, небезбедно, па дури и противзаконски да споделиш фотографија или видео без да добиеш дозвола за споделување.<br>* Од тебе почнува сѐ! Не шири гласини, не споделувај свои и не споделувај туѓи приказни или фотографии чија намера е некого да повредат или понижат. Она што некому му се чини дека е невина шега, може длабоко да повреди некој друг.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | материјал, паноа кои го следат материјалот по подрачја | -изработка на плакат |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Идентификува општ дел, основен вокал и наставка кај глаголот | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се пополнува мрежа на темата за глаголи. Преку насочувачки прашања се повторува за глаголите.<br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците се делат во групи. Секоја група добива пластифицирани составни делови за пет глаголи. Деловите се: општ дел, основен вокал и наставка. Во тие пет глаголи треба да се наоѓа и глагол кој нема наставка или глагол кој нема основен вокал, за да се воочи дека некогаш тие може да изостануваат. Задачата е да ги состават глаголите, да ги прочитаат и секој во својата тетратка да напише по една реченица. Потоа ги читаат пред сите ученици во паралелката<br>На пример:<br>Гледа, брои, везе<br>*глед, бро, вез- се општи делови<br>* -а, -и, -е- се основни вокали<br>* -ш, -те, -ме- се наставки | - Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Игри и техники<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Наставни листови<br>-картички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- рефлексивните дневници-<br>- Одговори дадени во наставни листови; |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоците:<br>* Глаголот има три составни делови: општ дел, основен вокал и наставка.<br>* Во некои од формите на глаголот може да отсуствува личната наставка или основниот вокал, но не и општиот дел.<br>На, пример: 3. л.едн. сегашно в.<br>- мол-и<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма<br>(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)</td>
<td>Ги разликува глаголските групи според тоа на која самогласка завршуваат во 3л. еднина сегашно време.</td>
<td>1</td>
<td>Воведна активност – активирање на предзнаењата<br>Наставникот има истакнато табела со глаголи.
<table>
<tr><td>спие</td><td>чука</td><td>чита</td><td>пее</td><td>готви</td><td>вежба</td><td>пишува</td><td>вози</td><td>лета</td><td>бори</td></tr>
<tr><td>копа</td><td>чисти</td><td>радува</td><td>тропа</td><td>лути</td><td>учи</td><td>мие</td><td>свири</td><td>цвета</td><td>зборува</td></tr>
<tr><td>плива</td><td>трча</td><td>топи</td><td>лади</td><td>врие</td><td>грее</td><td>боли</td><td>оди</td><td>игра</td><td>стои</td></tr>
<tr><td>моли</td><td>вее</td><td>ѕида</td><td>прави</td><td>гледа</td><td>чешла</td><td>тушира</td><td>бдее</td><td>лета</td><td>скока</td></tr>
<tr><td>доцни</td><td>купи</td><td>фати</td><td>бега</td><td>врати</td><td>шета</td><td>тргна</td><td>реши</td><td>живее</td><td>тече</td></tr>
<tr><td>гмечи</td><td>царува</td><td>плаче</td><td>вежба</td><td>бучи</td><td>паѓа</td><td>лае</td><td>лази</td><td>движи</td><td>тече</td></tr>
</table>
Преку насочувачки прашања од страна на наставникот се поврзува претходното знаење од минатиот час – учениците во сите глаголи да го откријат основниот вокал.<br>Се открива во глаголите а, -е, -и се основни вокали.<br>Се истакнува целта на часот –<br>* Глаголите се делат на три групи:<br>а-група (скока, игра),<br>и-група (мисли, брои),<br>е-група (плете, везе).<br>Главни активности – искуствено учење<br>Учениците работат во мали групи, по четворица. Секоја група добива ист текст. Задачата е да ги пронајдат глаголите и да определат на кои од трите глаголски групи им припаѓаат. Претходно им се кажува колку глаголи има</td>
<td>-- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Игри и техники на учење<br>- Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори<br>- Печатени материјали</td>
<td>- усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>- Одговори дадени во наставни листови;</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | во текстот и колку од нив припаѓаат на а-глаголска група, колку на е-група, колку на и-глаголска група. Групата што ќе заврши прва и точно ќе одговори на задачата е победник.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоци за глаголските групи-поделбата е направена според завршоците на глаголот во трето лице еднина на сегашно време.<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| **Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Самостојно пишување текстови** *(композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник)* | Пишува текст на дадена тема и на тема по избор, почитувајќи ги правилата за композиција на текст. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците работат во парови. Со помош на техниката „хамбургер“ совладуваат композиција на текст. Добиваат делови од хамбургер направени од хартија. Горното лепче е воведниот дел, долното лепче е завршниот дел. Плескавицата е главниот дел. Зеленчукот се стилските фигури а помфритот се новонаучени зборови. На листовите од обратната страна го читаат текстот и согледуваат за важноста на сите елементи.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците добиваат интересен и инспиративен текст кој претставува почеток на некоја приказна. Нивна задача е да продолжат и да развијат цела приказна ( почитувајќи ги правилата за композиција на текст.). Учениците имаат задача според почетокот на текстот да се замислат дека се едно племе кое живее изолирано во еден шумски предел. (Оваа активност им помага да разберат како се создаваат митовите.). Еден ден од небото се појавува вселенско летало. Во своето племе тие немаат сознание за сите технички пронајдоци од денешнината. Живеат како домородните племиња во минатото. Од вселенското летало со голем сјај излегуваат две суштества... Задачата на учениците е да дадат објаснување, од позиција на тогашни луѓе, како се случило тоа, кои се двете суштества, како ќе се однесуваат со нив... и сл.<br>Неколку ученици ги споделуваат идеите, а наставничката/наставникот ги запишува на табла (преку | -- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење (хамбургер,бура на идеи , книга на паралелката) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- (пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.);<br>- Домашни задачи |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | техниката: бура на идеи) потоа бара од учениците да напишат краток текст во кој едното суштество ќе биде Богот на Вселената, а другото божицата на Земјата, неговата жена.<br>Текстовите се пишуваат со почитување на воведен, главен и завршен дел на текстот<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат текстовите. Избираат најинтересните/највозбудливите текстови. Изработуваат книга на паралелката<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувстувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема :** Литература и изразување и творење | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Самостојно пишување текстови** *(композиција: вовед, главен дел, завршен дел; креативно пишување, дневник)* | Пишува самостојно смислена куса приказна со јасно препознатливи ликови и настани. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот им дава соодветни упатства на учениците за користење на тетратката за писмени работи уредно пишување, примена на правописните правила, збогатување на речениците. Композиција на текстовите, правилна употреба на интерпункциските знаци, правилна употреба на голема буква<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците пишуваат состав на зададена тема во тетратки за писмена работа (Измислен Мит), внимаваат на воведен дел, главен и завршен дел, правопис, големи букви, интерпункциски и правописни знаци.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги предаваат тетратките кај наставникот и наставникот им ги дава на учениците на некои од наредните часови со повратна информација<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | - Тетратки за писмена работа | - практичните изведби (на пример, пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на текстови |

<table>
<tr><td colspan="6">Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик</td></tr>
<tr><td colspan="6">Натавно подрачје /тема : Јазик и комуникација</td></tr>
<tr><th>содржини<br>(и поими)</th><th>стандарди за оценување</th><th>часови<br>и датум на реализација</th><th>сценарио за часот</th><th>средства</th><th>следење на напредокот</th></tr>
<tr>
<td>Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма (дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)</td>
<td>Разликува прости и сложени глаголски форми според употребата на личноглаголските форми</td>
<td>1</td>
<td>

Воведна активност – активирање на предзнаењата

Се пополнува мрежата на темата за глаголи. Преку насочувачки прашања од наставникот се повторува за глаголи




Главни активности – искуствено учење

Учениците одговараат на прашањата:<br>Што правеше вчера?;<br>Што правиш сега?;<br>Што ќе правиш утре?<br>Одговорите на учениците, се запишуваат на таблата.<br>Учениците користат глаголи во личноглаголски форми за трите глаголски времиња (минато, сегашно, идно).<br>Учениците имаат задача да ги споредат глаголските форми. Учениците се наведуваат да согледаат дека две од формите се прости (сегашно време и минато определено време), а третата (идно време) е сложена.<br>На една презентација наставникот/наставничката им ги покажува сите глаголски форми со примери и визуелно

</td>
<td>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори,<br>-наставни листови<br>- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-печатени материјали (текст)</td>
<td>-усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>-поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>-придонес во извлекување на заклучоците.<br>-домашните задачи;<br>-рефлексивните дневници;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-одговори во наставни листови</td>
</tr>
</table>

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | заклучуваат кои се прости, а кои сложени според составот/градбата на глаголската форма.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/12/blog-post_22.html<br>Учениците имаат задача во парови во извадок од текст да ги пронајдат глаголските форми и да ги класифицираат.<br>**Прости глаголски форми** / **Сложени глаголски форми** (празна табела)<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите и се изведуваат заклучоците за прости и сложени глаголски форми.<br>* Прости глаголски форми го содржат само глаголот<br>* Сложени глаголски форми претставуваат состав од глаголот што се менува и друг помошен збор.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“ | | |

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови,** | Менува дадени глаголи во сегашно, идно и минато | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците одговараат на прашањата: Што правеше вчера?; Што правиш сега?; Што ќе правиш утре?<br>Учениците користат глаголи во личноглаголски форми за трите глаголски времиња (минато, сегашно, идно). | Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички | - усните одговори на прашања поставени од наставникот |

<table>
<tr>
<td>класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма<br>(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)</td>
<td>определено време.<br>Посочува примери на глаголски форми за сегашно, идно и минато определено време.</td>
<td></td>
<td>Наставникот ги запишува зборовите вчера (минато време), денес (сегашно време), утре (идно време). Учениците кажуваат глаголски форми во минато, сегашно, идно време и ги запишуваат под зборовите кои одговараат на времето на случување на глаголското дејство.<br>Се открива граматичката категорија -време кај глаголите и се дополнува мисловната мапа за глаголи<br>

<br>
Главни активности – искуствено учење<br>
Учениците разгледуваат слика (дневна рутина на момче) и усно кажуваат што прави детето (дејството) во моментот.<br>
</td>
<td>организатори, техники на учење<br>-наставни листови<br>- Техничка опрема во училницата<br>- Видео бим<br>-Смарт табла<br>-илустрации</td>
<td>или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>-презентација на изработките<br>-одговори во наставни листови</td>
</tr>
</table>

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Наставникот ги прашува учениците во кое време се одвиваат дејствата на сликата? Се открива целта на часот – С Е Г А Ш Н О  В Р Е М Е<br>На презентација наставникот објаснува за сегашно време.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/12/blog-post_14.html<br>* Дефиниција и примери<br>*Начин на образување (промена по лице и број) и<br>Учениците запишуваат во тетратките<br>Учениците добиваат наставни листови со вежби за сегашно време.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите. Се изведуваат заклучоци за глаголите дека ја менуваат својата форма. Се менуваат по број (еднина и множина) и по лице (прво, второ, трето). СЕГАШНО ВРЕМЕ означува дејство што се врши сега, во моментот додека зборуваме за него.<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА** | | | | | |
| **содржини<br>(и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови<br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма**<br>*(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Менува дадени глаголи во сегашно, идно и минато определено време.<br>Посочува примери на глаголски форми за сегашно, идно и минато определено време. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Наставникот на учениците на лист им дава текст во кој учениците треба да ги пронајдат глаголите.<br><br><br>Наставникот ги прашува учениците<br>- Кога се одвива дејството искажано со глаголите во текстот?<br>Се открива целта на часот.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>На презентација наставникот објаснува за минато определено свршено и несвршено време.<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2020/12/blog-post_23.html<br>* Дефиниција и примери<br>*Начин на образување (промена по лице и број) и<br>Учениците запишуваат во тетратките<br>Учениците добиваат наставни листови со вежби за минато определено свршено и несвршено време.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок** | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал, графички организатори , техники на учење<br>-наставни листови<br>-печатени материјали | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>- -домашните задачи<br>- рефлексивните дневници;<br>- -изработките/ практичните изведби<br>-презентација на изработките<br>-одговори во наставните листови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците ги презентираат одговорите и се изведуваат заклучоци за минато време. Минато време означува дејства што се случиле пред моментот на зборување, во присуство на говорителот.<br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Натавно подрачје /тема : ЈАЗИК И КОМУНИКАЦИЈА** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **Часови<br><br>и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Глаголи: значење, граматички категории, составни делови, класификација, глагол сум и има; лично-глаголска форма** *(дејство и состојба; лице, време, број и вид; општ дел на глаголот и основен вокал; глаголски групи; прости глаголски форми, сложени глаголски форми, сегашно време, минато определено време, идно време)* | Менува дадени глаголи во сегашно, идно и минато определено време.<br>Посочува примери на глаголски форми за сегашно, идно и минато определено време. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците добиваат работен лист.<br>1. Вчера Гоце _____________ филм.<br>( што правеше )<br>Глаголот е во _______ време.<br>2. Гоце _____________ филм.<br>( што прави )<br>Глаголот е во _______ време<br>3. Гоце утре _____________филм.<br>( што ќе прави )<br>Глаголот е во **идно** време. Се открива целта на часот<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците ги разгледуваат речениците:<br>В сабота ќе одам кај баба и дедо.<br>Утревечер ти ќе заспиеш рано.<br>Ова лето ќе одиме на море.<br>Моите другари ќе играат кошарка.<br>Одговараат на прашања: Кога ќе се врши дејството искажано со глаголите во речениците? Кое зборче го забележавте пред сите глаголи?<br>На презентација наставникот објаснува за идно време<br>https://mac-makedonskijazik.blogspot.com/2014/11/blog-post_11.html | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-наставни листови<br>-печатени материјали | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките<br>-одговори во наставните листови |

resursi.literatura.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | * Дефиниција и примери<br>*Начин на образување (промена по лице и број)<br>Учениците запишуваат во тетратките<br>Учениците добиваат наставни листови со вежби за идно време<br><br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Учениците ги презентираат одговорите и се изведуваат заклучоци за идно време. Глаголите што означуваат дејства што ќе се вршат или ќе се<br>извршат во иднина велиме дека се во ИДНО ВРЕМЕ<br><br>**Рефлексија**<br><br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| Изготвил:Марија Пискачева<br>Адаптирал :<br>Предмет: Македонски јазик | | | | | |
| **Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ** | | | | | |
| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
| **Епика во проза Авантуристички роман** | Ги наведува карактеристиките на авантуристичкиот роман по кој се разликува од другите епски творби во проза. | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Се проверува подготвеноста на учениците за работа на лектирното дело „ Робинзон Крусо“. Секој ученик пред себе има примерок од лектирното дело. Се анализира наслов, корица, илустрации и автор - краток осврт на животот и делото на писателот Даниел Дефо.<br><br><br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците започнуваат со проектната активност: Денови за роман. Учениците се поделени во групи. Во неколку последователни часови во три недели учениците читаат извадоци од романот. Во рамките на групата, секој ученик води дневник за читање романи –извадоци од романи, при што се прават белешки елементите на романот. По секое читање на романот учениците како група прават презентација на прочитаното со помош на белешките.<br>Се анализира содржината на лектирното дело, настаните подредени по хронолошки редослед. | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-печатени материјали<br>-Книги | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заклучоците;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Учениците се насочуваат на прераскажување на содржината на романот по насочени прашања . Посебен акцент ставаат на делот од романот кој им оставил најголем впечаток и да образложат зошто. Може при прераскажувањето да се пушта и аудиозапис од расказите од лектирното дело за да се потсетат на некои детали поврзани со ликовите или настаните.<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се изведуваат заклучоците за особеностите на авантуристичиот роман и се запишуваат. На таблата се пополнува грозд за карактеристиките на авантуристичкиот роман како епска творба:<br><br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |

resursi.literatura.mk

Изготвил:Марија Пискачева
Адаптирал :
Предмет: Македонски јазик

**Натавно подрачје /тема : ЛИТЕРАТУРА И ИЗРАЗУВАЊЕ И ТВОРЕЊЕ**

| **содржини (и поими)** | **стандарди за оценување** | **часови и датум на реализација** | **сценарио за часот** | **средства** | **следење на напредокот** |
|---|---|---|---|---|---|
| **Епика во проза Авантуристички роман** | Ги открива и опишува елементите во даден авантуристички роман (раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја). | 1 | **Воведна активност – активирање на предзнаењата**<br>Учениците носат соодветен материјал за обработка на лектирата, авантуристичкиот роман „Робинзон Крусо“ со примена на техниката „Лектира во торбичка“.<br>**Главни активности – искуствено учење**<br>Учениците на час носат хартиена кеса (кеса за подарок и неколку листови во боја. На едната страна од кесата лепат лист и на него ја раскажуваат накратко содржината од романот. На другата страна лепат лист на која ја запишуваат темата, идејата и ликовите автор, раскажувач, ликови, содржина, тема, време, простор, идеја. Во кесата ставаат пет мали листови во кои накратко опишале пет авантури на Робинзон Крусо. Си ги разменуваат кесичките и читаат што напишале едни со други.<br>*(Наставникот може да има подготвено и работен лист за анализа на лектирното дело и секој ученик индивидуално да работи на барањата, а потоа заедно да се споделуваат одговорите и размислувањата)*<br>**Завршна активност – извлекување заклучок**<br>Се извлекува заклучок за впечатоците кои им ги оставило лектирното дело:<br>Која ви беше првата мисла додека ја читавте лектирата? | - Техничка опрема во училницата: електронска табла, училишна табла, компјутерска технологија<br>Средства и ресурси за учење: шеми и прикази за наставниот материјал,графички организатори, техники на учење<br>-Библиотека во училница, училишна библиотека.<br>-Текстови<br>-Книги<br>-кеси (листови во боја) | - усните одговори на прашања поставени од наставникот или од соученици;<br>- поставувањето прашања и учеството во дискусиите на часот;<br>- придонес во извлекување на заключоците;<br>-изработките/ практичните изведби<br>-(пишување/творење текстови според различни барања, анализа и интерпретации на литературни текстови.)<br>-презентација на изработките<br>-одговори во наставни листови |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Кој дел ви беше омилен, а кои омилени ликови?<br>Кој лик би сакале да го драматизирате? Зошто?<br>Што се промени кај вас по читање на лектирата?<br>Што научивте, а порано не сте го знаеле?<br>**Рефлексија**<br>Се води дискусија по следните прашања:<br>1) Што правевме денес?“,<br>2) Како се чувствувавте додека работевте на часот?“,<br>3) „Што научивте?“<br>4) „Како може наученото да го користиме во секојдневниот живот?“. | | |